# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 11 Година III јануари 2010





# 2010

# ГОДИНА НА НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Љупчо Пандиловски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



*Почитувани сограѓани,*

*Пред Вас е празничното издание на градското информативно гласило во коешто направивме напор да Ви ги preставиме проектите што ги реализиравме во текот на годинава.*

*Просторот во гласилото е навистина претесен за да ги презентираме уште еднаш накусо сите проекти што ги почнавме и ги работевме. Тоа значи дека годинава беше плодна и добар дел од програмата за 2009 година е реализиран.*

*Годината помина во знакот на подобрувањето на комуналната хигиена, уредувањето на Градскиот парк, завршивме неколку значајни проширувања на сообраќајници, го почнавме проширувањето на Булеварот Србија, го подобруваме работниот капацитет на градските јавни претпријатија, а се работи и на подобрување на инфраструктурата...*

*Генерално, може да констатираме дека се реализирани 90 проценти од планираните проекти, задржана е финасиската стабилност на Град Скопје, внесовме новитети во секојдневното културно живеење на градот, почнавме значајни инфраструктурни проекти.*

*Курсот за активностите во наредната година е поставен. Заеднички и во новата година ќе влеземе со нови проекти од сообраќајот, урбанизмот, комуналните дејности...*

*Буџетот за 2010 година носи нови предизвици, коишто во соработка со граѓаните, Владата на Република Македонија, Советот на Град Скопје, градската администрација и скопските општини ќе ги реализираме, со цел да ја изградиме визијата за модерно и урбано Скопје.*

*Почитувани,*

*Со желба за многу здравје, лична среќа и семејна хармонија Ви ја честитам Новата 2010 година и Божиќните празници.*

*Коце Трајановски*
*Градоначалник на Град Скопје*








# „ЗАЕДНО ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ“

Големата акција за чистење на Скопје под мотото „Заедно за чисто и зелено Скопје“ беше реализирана со голем успех. Акцијата, иницирана од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, беше спроведена во соработка со десетте скопски општини. Екипите на јавните градски претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Водовод и канализација“ и „Улици и патишта“ беа мобилизирани и максимално ангажирани во чистењето на Скопје.

За време на акцијата којашто траеше од 11.05. до 18.06.2009 година, на подрачјето на десетте скопски општини се косеше тревата, подигнати се над 2.000 кубни метри смет од дивите депонии, крошните на дрвјата се кастреа, сувите дрвја се сечеа и се метеа и миеја улиците.

ЗАЕДНО ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ ќе продолжи перманентно да се реализира во рамки на комуналните програми на Град Скопје и меѓуопштинската соработка во градот.



## БЕСПЛАТНИ ИНТЕРНЕТ ТОЧКИ

Градоначалникот Коце Трајановски, летово, го пушти во употреба бесплатниот бежичен интернет пристап во Градскиот парк (во делот спроти бараките на администрацијата на Град Скопје) и во паркот Жена борец".Со тоа на граѓаните на Скопје им се овозможува беспатен бежичен интернет пристап, без лозинка и може да го користи секој што има пренослив компјутер или друг уред, како мобилен телефон, кој има можности за бежична конекција.

# НОВ ЛИК НА ГРАДСКИОТ ПАРК

Град Скопје во текот на 2009 година реализира повеќе активности за разубавување на градскиот парк. Поставени се 100 нови корпи за отпадоци во првиот дел на Градскиот парк и 50 корпи за отпадоци во вториот дел на паркот; Реконструирани се и обоени се клупите во првиот и во вториот дел на Градскиот парк; Исечени се старите и суви дрвја коишто ја загрозуваа безбедноста на минувачите; Исечени се гранките и искроени се крошните на дрвјата; Изведени се нови цветни бордури, засадени се рози и друго сезонско цвеќе; Поставени се столпчиња и рампи за да се спречи влезот на возила во Градскиот парк; Поставена е бела ризла во првиот дел на Градскиот парк; Исчистени се езерцата во првиот и во вториот дел на Градскиот парк.Поставени се бекатон-плочки на платото пред школката; Поставени се 1200 нови мали жардинери и пристапна рампа; Распишан е конкурс за избор на идејно решение за партерно и хортикултурно уредување на локалитет во Градскиот парк; Поставиени се вкупно 160 столпчиња на потегот од рампата кај Зоолошката градина за да се оневозможи влез со автомобили во овој дел од Градскиот парк. Почна реконструкцијата на јавните санитарни јазли во Градскиот парк.

Град Скопје, за новиот лик на Градскиот парк, издвои 8.328.714 денари, а дел од новите содржини беа обезбедени со донации од Амбасадата на Кралството Холандија и Про-кредит банка.







# ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА" ОПРЕМЕНО СО ШЕСТ НОВИ КАМИОНИ ЗА СМЕТ




Новите камиони се со зафатнина од 16 кубни метри, со вграден механизам за подигање и празнење на стандардни контејнери со зафатнина од 1,1 кубик и типски канти од 120 и 240 литри. Постои и можност за автоматско и рачно управување на циклусот на работа.

Град Скопје, планира во 2010 година да набави уште 12 возила за ЈП комунална Хигиена.

## ОПРЕМА И ЗА СТАЦИОНАРОТ ВАРДАРИШТЕ

Хуманиот третман и заловување на бездомните кучиња иницираше потреба од дополнителни инвестиции од Град Скопје во проширувањето на стационарот, како и за набавка на нова опрема.



## НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ПАРКОВИ

Град Скопје набави и нова машина за корнење пенушки што е наменета за потребите на ЈП „Паркови и зеленило". Машината во истовреме е и ровокопач и утоварувач и е прва машина од таков тип со којашто ќе располага ЈП „Паркови и зеленило". До крајот на годинава очекуваме да пристигнат уште 4 нови машини коишто ќе ја олеснат работата на ЈП „Паркови и зеленило" .



# ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТОТО НА ВАРДАР

Во текот на годинава Градот Скопје во неколку фази реализира чистење на коритото на реката Вардар. Првата фаза го опфати рачното расчистување на коритото на Вардар и беа исчистени косините на минор коритото на Вардар.

Завршните фази опфатија машинско расчистување, при што се исчисти ја, подигнаа и транспортираа 5.000 кубни метри нанос, 30.000 кубици нанос беа машински израмнети, а беа пополнети и сите дупки и нерамнини на дното на коритото.






# ПРОМЕНА НА СВЕТИЛКИТЕ НА СКОПСКИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ

Градот Скопје во рамките на проектот за промена на светилките на дел од магистралните и од собирните улици смени над 3.000 светилки на 60 сообраќајници, при што се обезбедува поквалитетно осветлување и заштеда на електрична енергија од околу 30%. За набавка на светилките се издвоени 28.119.000 денари, а за смена на светилките 8.220.000 денари. Светилките се производ на светски познатата компанија за осветлување Minel-Schreder.





*Градот Скопје го почна пилот-проектот за компостирање*

# ПАДНАТИТЕ ЛИСЈА ЌЕ СЕ ПРЕТВОРААТ ВО **КВАЛИТЕТНО ПРИРОДНО ЃУБРИВО**

Паднатите лисја коишто се собираат од јавните зелени површини ќе се претвораат во квалитетно природно ѓубриво – компост во пилот-проектот за компостирање што минатата недела го почнаа Градот Скопје и ЈП „Паркови и зеленило". За таа цел, во дворот на ЈП „Паркови и зеленило" е ископана дупка со димензии 30 на 30 метри и длабочина од 1,5 метри во којашто ќе се истураат лисја прочистени од други отпадоци што се собираат од зеленилото (гранки, хартија и пластика). Собраните лисја на природен пат ќе скапуваат и ќе се претвораат во ѓубриво коешто ќе се користи за потребите на ЈП „Паркови и зеленило". Компостот се очекува да се добие за околу една година.



# ДОНАЦИЈА ОД 1300 КОНТЕЈНЕРИ И 4500 КАНТИ ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ

Во рамки на акцијата „Заедно за чисто и зелено Скопје", почна поставувањето на контејнерите за домашен смет, донација од Владата на Република Македонија. Во Скопје, во соработка со општините, поставени се 1300 нови контејнери.

Владата на Република Македонија, освен контејнери, на Градот Скопје му донираше и 4.500 канти за собирање домашен отпад, со просторен капацитет од 120 литри.

# КОМУНАЛНИ АКТИВНОСТИ

**Град Скопје, во рамки на своите програмски активности, почна и реализира повеќе комунални активности. Дел од проектите се реализираат во соработка со општините и Министерството за транспорт и врски.**



Во завршна фаза е изведбата на нова атмосферска канализација на улица Илинденска



Поставени се педесетина хидранти за потребите на противпожарната бригада, на повеќе улици во градот.



Изведба на водоводна мрежа во Маџари на улицата Перо Наков



Изведба на фекална канализација за населбите Лисиче и Горно Лисиче



Во рамки на комуналните дејности обновен е и видиковецот на Водно, а се интервенираше и во карактеристичниот пејзаж Гази Баба.

- Замена на водоводна мрежа на Горно Врановска и Божин Николов.
- Во завршна фаза е изведбата на фекалната канализација Инџиково.
- Град Скопје, за потребите на граѓаните од Шуто Оризари изведе нов хидрофор со потисен цевовод.



За да се подобри квалитетот на водоснабдувањето почна поставувањето нови водомери за далечинско отчитување, со што ќе се намалат загубите на вода




Изведена е атмосферската канализација кај УСЈЕ



Учество во изведба на препумпна станица Горно Лисиче



# ЗАСАДЕНИ 130 ЕЛКИ ВО ЖАРДИНИЕРАТА НА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ

Жардиниерите што ги красат скопските булевари добија хортикултурно уредување и сите се засеани со трева, а во наредниот период ќе бидат засадени и со други насади.

Деновиве се засадени 130 сребрени и зелени елки во жардиниерата на булеварот Јане Сандански, на потегот од Новата железничка станица до „Мајчин дом“. Елките се засадени во права линија и формираат дрворед.

# ЧИСТЕЊЕ НА КАНАЛИТЕ

Исчистени се каналот во Инџиково, Водњанскиот канал, а беше расчистен и наменскиот канал во Крушопек што ги снабдува езецата во Градкиот парк со протечна вода.



# ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ УЛИЦИ

Месецот ноември донесе голема акција за крпење на ударните дупки на сите 18 градски улици и булевари во Скопје. За еден ден беа пополнети над 1000 квадратни метри ударни дупки на коловозите.

Извршена е реконструкција на патот Св . Пантелејмон-Средно Водно

Обновен е коловозот на дел од булеварот Никола Карев.

Завршени се градежните работи за проширување на крстосницата и улиците околу крстосницата кај Тутунски комбинат.

Целосно е реконструиран патот од Копаница до Рашче, реконструиран е крак од Улица 31 во Шуто Оризари.

Град Скопје им помогна на општините во реконструкцијата на општинските улици.

# СООБРАЌАЈ

Град Скопје ги финишира активностите за воведување зелен бран во сообраќајот. За таа намена заменети се контролерите на сите крстосници, опремени се семафорите со одбројувачи и е извршено нивно поврзување.

Наскоро ќе почне инсталирањето на нови 400 семафори коишто работат на лед диоди.





## СЕ ГРАДИ РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА НА ЛЕВАТА СТРАНА НА РЕКАТА ВАРДАР

Осум милиони денари ќе чини изградбата на новата ролерско-велосипедска патека, којашто Град Скопје на 30 октомври почна да ја гради на левата страна од реката Вардар. Патеката од Камени мост до фабриката „Комуна“ ќе биде широка четири и долга 1.800 метри.



## ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

Ролерско-велосипедска патека, долга 2.600 метри, а широка 4 метри, свечено беше пуштена во употреба на 28 јули 2009 година. Патеката се наоѓа на кејот на реката Вардар, почнува кај Транспортниот центар и се протега до мостот „Близнак“. За нејзината изградба Град Скопје вложи пет милиони денари.

# ПРИСТАПНИОТ ПАТ ОД ВОЛКОВО ДО СЕВЕРНАТА ОБИКОЛНИЦА

Пуштен е во употреба пристапниот пат што ќе води од последната постојка на автобусот со број 22 во Волково до северната обиколница. Патот е долг 846 метри, со две ленти од по 3,5 метри и тротоари од по 2,5 метри. За пристапниот пат беа издвоени 12 милиона денари од градската каса.



# ПОЧНА ДА СЕ ПРОШИРУВА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД **БУЛЕВАРОТ СРБИЈА**

Градот Скопје на 26 Јули почна да го проширува вториот дел на булеварот Србија, на потегот од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато до улицата Првомајска. Досега се пробиени и асфалтирани 700 метри, а вкупната должина на делницата којашто се проширува е 1.720 метри. Изградбата ќе чини два милиона евра.



# КЛУЧКАТА „ДЕТЕЛИНКА“ ГО НАМАЛИ МЕТЕЖОТ НА БУЛЕВАРОТ КРСТЕ МИСИРКОВ



*Модерна клучка во форма на детелинка ја зголеми проточноста на сообраќајот на надвозникот на булеварот Крсте Мисирков, кај Битпазар. Со новото сообраќајно решение целосно се елиминира употребата на семафори, а возилата се движат по принципот вртење во десно.*

*За изградба на клучката „Детелинка“ Градот Скопје потроши 39.000.000 денари. Клучката се градеше 9 месеци во услови на непрекинато одвивање на сообраќајот, а беше пуштена во употреба во јули, годинава. Вкупната должина на сите краци на клучката изнесува 2,2 километри, извршена е реконструкција на атмосферската канализација, а поставено е и комплетно улично осветлување и павер-елементи на сите пешачки површини.*

# РЕКОНСТРУИРАНИ МОСТОВИТЕ „8-МИ СЕПТЕМВРИ“ И „ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ“

Со асфалтирање на пешачките и велосипедските патеки од двете страни на мостовите, Град Скопје ја заврши целосната реконструкција на овие инфраструктурни објекти. Армирано-бетонски капаци се заменети со нови, санирани се гредите и поставени се заштитни столпчиња со амблемот на Град Скопје.



Град Скопје, покрај обемните зафати на двата моста, во текот на годинава изврши и освежување на бојата на оградите на сите други мостови.

Град Скопје, распиша и конкурси за идејно-обликовни решенија на оградите и илуминација на мостовите кај Холидеј Ин и кај Народната банка, проекти коишто треба да се реализираат во текот на наредната година.



Реконструкција на улицата „Никола Карев“




Ноќно бележење на улиците

# ТРИ ВОЗИЛА ЗА ЛИЦАТА СО ПОТЕШКА ИНВАЛИДНОСТ



Вкупните средства што се издвојуваат за реализирање на Програмата на Град Скопје за остварување социјална заштита на лица со посебни потреби во Буџетот на Град Скопје, изнесуваат 35 милиони денари и се наменети за:

- привилегирани (бесплатни) билети за користење на јавниот градски превоз за лицата со посебни потреби;
- организиран превоз на студентите и на учениците со посебни потреби до образовните институции;
- организиран превоз на лицата со потешка инвалидност коишто се движат со помош на инвалидска количка и
- обезбедување пристапност на лицата со посебни потреби во две градски средни училишта со поставување лифт и платформа.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, по повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, 3-ти декември, предаде во употреба 3 специјално адаптирани возила за потребите на лицата со потешка инвалидност.

Трите возила се опремени со специјално автоматски управувана рампа за подигнување на инвалидската количка и друга опрема што ја обезбедува безбедноста на корисниците.

- Овие возила ќе овозможат подобрување на квалитетот на живеење на лицата со потешка инвалидност, нивна поголема мобилност и вклученост во општествените текови. Лицата со телефонско јавување, ќе можат да го закажат својот превоз. Правилата за организација на превозот од денеска ќе бидат достапни за здруженијата на граѓани, корисниците, медиумите и пошироката јавност – рече Трајановски.

Право на користење на организираниот превоз со посебно адаптирани возила ќе имаат исклучиво лицата со потешка телесна инвалидност на коишто, заради движење, им е потребна инвалидска количка, лица со тешки моторни пречки, како и лицето коешто го придружува корисникот. Правото на користење ќе се остварува преку соодветните здруженија на граѓани организирани на подрачјето на Градот Скопје.

Трите возила се сопственост на Град Скопје и заедно со сета вградена дополнителна опрема чинат околу шест милиони денари. Возилата се дадени на користење на Јавното сообраќајно претпријатие – "ЈСП" – Скопје, коешто ќе го изведува превозот и во соработка со здруженијата на граѓани од оваа област организирани на територијата на Град Скопје, ќе го спроведува дневниот ред на возење.

Превозот ќе се организира и врши според следниве правила:

- двете возила вршат превоз од 08.00 - 22.00 часот, а едно возило од 09.00 - 23.00 часот;
- закажувањето на превозот од 8 -15 часот се врши на бесплатниот телефон: 080015115, а по 15 часот закажувањето се врши на телефон 3173-224, и овој повик се наплаќа;
- со еден телефонски повик може да се закаже превоз само за еден корисник до една конкретна дестинација и назад;

Корисниците на организираниот превоз ќе можат да го користат превозот според следниве приоритети:

- користење здравствена заштита;
- остварување права од областа на социјална заштита;
- остварување права од областа на инвалидската заштита;
- посета на спортски, културно-забавни и слични манифестации.



Лица без маски



Бела Ноќ



Биенале



Машка



Cinedays



Спортски награди 13-ти Ноември



Cinedays



Види музика, слушни книга



Види музика, слушни книга



Баскерфест



Улични свирачи




Пиволенд



Оратори



Квадрил


STIHL


Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на граѓаните на Скопје им ги честита Новогодишните и божиќните празници и во Новата 2010 година им посакува здравје, успех и благодет.


Претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, на граѓаните на Скопје им ги честита Новогодишните и божиќните празници.